**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

# З А П И С Н И К
## ОД 60 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 14 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесеттата седница на Државната изборна комисија

Шеесеттата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 14 февруари 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 11:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

### ДНЕВЕН РЕД:

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 58 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 5 февруари 2014 година;**
2. **Предлог Финансиски план за распределба на средства за избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година со Предлог Одлука за негово усвојување;**
3. **Предлог Годишен план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности со Предлог Одлука за негово усвојување;**
4. **Предлог Правилник за начинот на постапување на полицијата за време на спроведување на изборите;**
5. **Предлог Заклучок во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучен на 22.03.2013 год.;**
6. **Предлог – Образец број 9 гс ( чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 9 гс/1 (чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 13 гс ( чл.91 ст. (2) и (4) од Изборниот законик ) Предлог – Образец број 17 гс (член 113 – б од Изборниот законик ) и Предлог – Образец број 22 гс ( член 40 од Изборниот законик);**
7. **Предлог Одлука за утврдување на обликот на печатите на избирачките одбори, на општинските изборни комисии и изборната комисија на Градот Скопје;**

8. **Предлог Програма за задолжителна едукација на изборните органи за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 2014 год.**
9. **Разгледување на Барањето за акредитација на набљудувачот - Граѓанската асоцијација - МОСТ на изборите за Претседател на Република Македонија 13.04.2014 год; .**
10. **Предлог Одлука за утврдување на изгледот на интернет страницата на Државната изборна комисија;**
11. **Предлог Одлука за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**
12. **Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање и изјаснување.

**Комисијата едногласно го усвои предложениот дневен ред.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 58 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 5 февруари 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 58 –тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 5 февруари 2014 година.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека на 58 Седница имаше обемна расправа која не е внесена во Записникот но за Седницата има аудио снимка. Го прифаќа овој Записник со предлог реченицата "Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата " да се стави пред реченицата со која се завршува Седницата.

Никој друг не побара збор и Записникот од 58 –та Седница на ДИК е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно, заедно со Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, го усвои Записникот од 58 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 5 февруари 2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Финансиски план за распределба на средства за избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година со Предлог Одлука за негово усвојување;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по оваа точка.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи со Предлог за втората и третата точка од дневниот ред заеднички да се расправа а одделно да се гласа. Финансискиот план за распределба на средства за избор на Претседател на Република Македонија е поврзан со Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки на ДИК по Програма 21- Изборни активности. Од Буџетот на Република Македонија за 2014 год. се обезбедени средства во износ од 245.430.000 денари, одобрени во разделот на ДИК - Изборни активности. ДИК заклучи дека треба да бара од Министерството за финансии, односно од Владата на Република Македонија дополнителни средства во износ од 124.008.000 денари. Овие средства се наведени во Финансискиот план и детално објаснети по ставки. Средствата се предвидени за два круга на Претседателските избори.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи ги објасни поодделно сите ставки наведени во Финансискиот план. Потоа го објасни Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки на ДИК по Програма 21- Изборни активности со сите ставки кои се наведени во планот а предвидени во Финансискиот план како расходи.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи предложи да се донесе **Заклучок: Да се поднесе барање до Министерството за финансии на РМ и Владата на Република Македонија, а во врска со Извадокот од нацрт-Записникот од Сто седумдесет и третата седница на Владата на Република Македонија, со кое ДИК бара дополнителни средства во износ од 124.008.000 денари, за спроведување на распишаните избори за Претседател на Република Македонија и истите потребно е да се обезбедат заклучно со 18.02.2014 година, заради овозможување на непречено одвивање на изборните активности.**

Никој друг не побра збор и расправата се затвори.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски како резиме кажа дека на работен состанок ДИК доста дискутирала за да се утврдат точно износите наведени во Финансискиот план и од тоа произлезе предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи како Заклучок да се побараат дополнителни средства од Министерството за финансии и Владата на Република Македонија затоа што средствата кои се предвидени во Буџетот од 2014 год. се недоволни.

Предлог Финансискиот план за распределба на средства за избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година со Предлог Одлуката за негово усвојување и Предлог Заклучокот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Финансискиот план за распределба на средства за избор за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година со Одлука за негово усвојување и Заклучокот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.**

Потоа е ставен на гласање Предлог Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности со Предлог Одлуката за негово усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по програма 21 – Изборни активности со Одлуката за негово усвојување.**

**Точка 4:**
**Предлог Правилник за начинот на постапување на полицијата за време на спроведување на изборите;**

По оваа точка образложение даде Виолета Дума, Член на ДИК. Согласно членот 31 став (2) точка 36 од Изборниот законик ДИК во соработка со Министерството за внатрешни работи донесува Правилник за начинот на постапувањето на полицијата за време на спроведување на изборите. И на претходните избори имало Правилник за начинот на постапувањето на полицијата за време на спроведување на изборите. ДИК се со цел на поголемо активирање на полицијата за воспоставување на редот за време на спроведувањето на изборите овој Правилник детално го разгледа на работен состанок. Правилникот ДИК го дополни во членот 6 со нов став (2) " Полицијата не дозволува задржување на неовластени лица пред и во објектот каде се наоѓа избирачкото место " со најдобра намера да се воспостави поголем ред на местото каде што граѓаните гласаат и да

има помирни Избори. Во членот 7 став (2) ДИК предлага полицијата обезбедувањето да го врши во стандардна службена униформа, јавно, транспарентно и функционално на начин кој ќе обезбеди сигурност на граѓаните. Други промени нема во Правилникот и цени дека ДИК ќе има добра соработка со полицијата како и до сега. Предлага овој Правилник со наведените две измени ДИК да го усвои.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК со едно појаснување дека е претходно текстот на Правилникот доставен до Министерството за внатрешни работи, добиена е согласност и со заеднички договор помеѓу ДИК и МВР Правилникот е усогласен.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК, која кажа дека се сложува со дискусиите на двајцата колеги, но и до сега секогаш Правилникот е усогласуван со МВР и со законот и немало никогаш проблеми во меѓусебната соработка.

Никој друг не побара збор и Предлог Правилникот за начинот на постапување на полицијата за време на спроведување на изборите е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за начинот на постапување на полицијата за време на спроведување на изборите.**

**Точка 5:**
**Предлог Заклучок во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучен на 22.03.2013 год.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека овој Меморандум е документ кој се практикувал и во претходниот изборен циклус. ДИК состави Меморандум за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата токму за овие избори за Претседател на Република Македонија, но добивме писмено известување и од Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата дека нема потреба за нов Меморандума. Да остане во сила Меморандумот за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучен на 22.03.2013 год. Поради тоа е подготвен овој Заклучок.

Предлог Заклучокот во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучен на 22.03.2013 год. е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Заклучокот во врска со Меморандумот за соработка помеѓу Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучен на 22.03.2013 год.**

**Точка 6:**
**Предлог – Образец број 9 гс ( чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 9 гс/1 (чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 13 гс ( чл.91 ст. (2) и (4) од Изборниот законик ) и Предлог – Образец број 17 гс (член 113 – б од Изборниот законик ) и Предлог – Образец број 22 гс ( член 40 од Изборниот законик);**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување во врска со оваа точка. Се работи за обрасци кои е потребно да се донесат за изборите за Претседател на Република Македонија. Образецот 9 гс е Решение за формирање на ИО за спроведување на гласањето во ДКП и конзуларните канцеларии на

Република Македонија. Образецот 9 гс/1 е Решение за изменување и дополнување на решението за формирање на ИО за спроведување на гласањето во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија. Образецот 13 гс е записник за предавање на изборниот материјал од ДИК на МНР. Образецот 17 гс е Посебен Записник од гласањето по листа на кандидат за избор на Претседател на Република Македонија за избирачи именувани во составот на ИО за спроведување на гласањето во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство. Образецот 22гс е Записник за предавање на записниците за гласање и другиот изборен материјал од ИО за спроведување на гласањето во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија на ДИК од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека нема забелешка на Обрасците само за Образец број 9 гс/1 праша зошто има формулар за изменување и дополнување на решението за формирање на Избирачки одбори. ДИК уште не се произнела дали ќе ги менува сите ИО или само одредени членови на ИО. Тој има резерва за овој Образец и смета дека треба да биде решено да се изберат нови членови на Избирачки одбори.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека Бедредин Ибраими, Член на ДИК ја даде судбината на ИО, односно дали ќе се пополнуваат поединечно ИО или цели ќе се бираат. Смета дека ДИК треба да го има овој Образец. Ако има целосен реизбор на ИО можеби ќе се бара изземање и тогаш е потребен овој Образец и затоа нека остане.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека се согласува да остане овој Образец – Решение 9 гс/1 ако се користи од како ќе се изврши нов избор на ИО и во случај некој ако бара изземање.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека дилемата на Бедредин Ибраими, Член на ДИК е во ред. Образецот 9 гс/1е само за дополнување на ИО но ова ДИК ќе го решава на некој друг состанок а не сега. Се согласува со дискусијата на Влатко Сајкоски, Член на ДИК , ДИК мора да има ваков Образец и добро е да се усвојат овие Обрасци. Нема забелешка во составот на Обрасците. Од како ќе се усвојат Обрасците да се објават во Службен весник на РМ и тие што треба да се преведат на други јазици.

**Предлог – Образец број 9 гс ( чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 9 гс/1 (чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 13 гс ( чл.91 ст. (2) и (4) од Изборниот законик ); Предлог – Образец број 17 гс (член 113 – б од Изборниот законик ) и Предлог – Образец број 22 гс ( член 40 од Изборниот законик) се ставени на гласање.**

**Комисијата едногласно го усвои Образецот број 9 гс ( чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик );Образецот број 9 гс/1 (чл.37 ст. (2) т.40 од Изборниот законик );Образецот број 13 гс ( чл.91 ст. (2) и (4) од Изборниот законик ) Образецот број 17 гс (член 113 – б од Изборниот законик ) и Образецот број 22 гс ( член 40 од Изборниот законик);**

**Точка 7:**

**Предлог Одлука за утврдување на обликот на печатите на избирачките одбори, на општинските изборни комисии и изборната комисија на Градот Скопје;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување дека со оваа Одлука се утврдува обликот на вкупно 2528 мали печати кои ќе бидат користени од ИО и 81 големи печати кои ќе бидат користени од ОИК и изборната комисија на Град Скопје. Печатите се изработени од дрвен материјал на македонски јазик а во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик на јазикот на тие граѓани. Текстот на печатите останува ист.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека во точката 1 од Одлуката има грешка се работи за вкупно 3528 а не 2528 мали печати. Печатите се менуваат бидејќи беа стари и над 50 % од печатите не можат да се користат и ќе бидат поништени. Новите печати имаат друга форма,ќе бидат дрвени, поиздржливи и поевтини. Да се настапи со јавна набавка на овие печати.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК, која кажа дека е битно дека се печатите со ист текст, само се менува формата која е четвртаста и се од дрвен материјал.

Предлог Одлуката за утврдување на обликот на печатите на избирачките одбори, на општинските изборни комисии и изборната комисија на Градот Скопје е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на обликот на печатите на избирачките одбори, на општинските изборни комисии и изборната комисија на Градот Скопје.**

**Точка 8:**

**Предлог Програма за задолжителна едукација на изборните органи за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 2014 год.**

Во врска со оваа точка образложение даде Влатко Сајкоски, Член на ДИК кој кажа дека согласно Изборниот законик ДИК има обврска да донесе и спроведе Програма за задолжителна едукација на ОИК и ИО за спроведување на изборите во Република Македонија и на ИО за спроведување на изборите во ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство, за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 2014 година. Целта е задолжителна едукација на сите наши изборни органи. ДИК има континуиран прогрес во оваа своја законска обврска и во сите последни извештаи на ОБСЕ и ОДИХР има тренд на позитивно оценување на оваа програма за едукација.За едукацијата на ОИК и Изборната комисија на Градот Скопје има 2 работилници. Првата работилница започнува на 24.02. и трае до 5.03.2014 година во Скопје, а втората работилница започнува на 5.03. и трае 16.03.2014 год. Работилницата за едукација на ИО ќе започне на 24.03. и ќе трае до 7.04.2014 година. Во соработка со мисијата на ОБСЕ има мал нов исчекор. Ќе се направи еден едукативен спот – емисија се со цел да има унифицираност на овој процес на гласање. ДИК едукацијата ја организира со службата и со Секторот за едукација и оваа едукација е во голема полза за ИО и самата ДИК за да се отклонат сите проблеми во изборниот процес.

За збор се јави Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа дека ДИК отиде многу напред во однос на едукативниот дел и во бројот на работилниците. Во службата за едукација има вработени со меѓународни сертификати за едукација во оваа област.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека во текстот на оваа Програма нема забелешки. Во ДИК има тројца вработени со меѓународни лиценци за едукација во оваа област и меѓу првите во Источна Европа имаат вакви лиценци. Треба да се предвиди каков е начинот да се прави обука на луѓето во ДКП затоа што е ова новина со измените и дополнувањата на Изборниот

Законик. Повеќе треба да се внимава на обуките од ОИК на ИО. Предлага оваа Програма да се стави на ВЕБ страницата на ДИК .

Дискусиите завршија и Предлог Програмата за задолжителна едукација на изборните органи за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 2014 год. е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Програмата за задолжителна едукација на изборните органи за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, 2014 год.**

**Точка 9:**
**Разгледување на Барањето за акредитација на набљудувачот - Граѓанската асоцијација - МОСТ на изборите за Претседател на Република Македонија 13.04.2014 год;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување дека согласно членот 161 и 162 од Изборниот законик изборите и изборната постапка можат да се набљудуваат и предвидени се услови кој може да биде набљудувач. До ДИК е стигнато само едно барање, до овој момент, од Граѓанската асоцијација МОСТ кои бараат акредитации за 12 лица. МОСТ во целост ги исполнува условите за добивање овластување за набљудувачи и предлага да им се усвои барањето.

Барањето за акредитација на набљудувачот - Граѓанската асоцијација - МОСТ на изборите за Претседател на Република Македонија 13.04.2014 год. е ставено на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Барањето за акредитација на набљудувачот - Граѓанската асоцијација - МОСТ на изборите за Претседател на Република Македонија 13.04.2014 год;**

**Точка 10:**
**Предлог Одлука за утврдување на изгледот на интернет страницата на Државната изборна комисија;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи во врска со оваа точка кажа дека ДИК на работен состанок го разгледа начинот за подобрувањето на ВЕБ страницата на ДИК која не е сменета многу години. На работен состанок е презентирана новата ВЕБ страница од изготвувачот и е во склад со денешното време. Од како ќе се усвои ќе биде на користење но и старата ВЕБ страница ќе биде на користење уште една година. Со Предлог Одлуката е доставена и техничката спецификација за изгледот на ВЕБ страницата која ќе биде повеќе јазична а и Обрасците ќе бидат на повеќе јазици за да можат граѓаните подобро да се снајдат и да ги користат.

Предлог Одлука за утврдување на изгледот на интернет страницата на Државната изборна комисија е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на изгледот на интернет страницата на Државната изборна комисија.**

**Точка 11:**
**Предлог Одлука за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување дека ДИК има потреба за формирање на помошни тела со цел овие помошни тела да бидат на припомош во сите активности за време на изборите.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на потребата од формирање на помошни тела на Државната изборна комисија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**

**Точка 12:**
**Разно.**

Под точката "Разно" за збор се јавија:

- Сашо Срцев, Член на ДИК кој информира дека Агенцијата за медиумски услиги до ДИК има доставено список со Ценовници за платено рекламирање.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека од 16.02.2014 година започнува Јавниот увид во Избирачкиот список и собирањена потписи кој трае до 7.03.2014 год. ДИК треба да ги превземе сите активности за информирање на граѓаните. Има 6737 гласачи кои не се распоредени и Секторот за избирачки спиок ги доставува до подрачните одделенија да видат каде може да се распоредат.Од секторот за информатика да се даде информација дали е извршена промената согласно новиот Изборен законик гласачите од Изборната единица 6 да преминат во Изборната единица 5.Има и неколку барања за информирање околу собирање на потписи на независните кандидати за Претседател на Република Македонија за кои ќе се разговара на работен осотанок после оваа Седница за да се добијат навремени информации.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесеттата седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**60-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 12:35 часот.**

**Број** 07-381/2
18.02. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**